Истражување: Потреби на Младите на локално ниво

# Младински локални банки




Младите можат

Младински локални банки

U.S. Embassy Skopje

**Издавач:**
Здружение на граѓани Младите можат

**За издавачот:**
Анита Николовска
Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

**Автор:**
Милош Јованов

**Дизајн:**
Дамјан Лозановски

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

# Содржина

Вовед 4
За Младите можат 6
Зошто младинско учество? 7
Цел и методологија на истражувањето 9

**Општина Аеродром 11**

Волонтирање и граѓански активизам 12
Предизвици во општината 21
Младински политики и застапување 28
Предизвици на младите 32
Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 37
Младите во време на Ковид 19 пандемија 41

**Општина Ѓорче Петров 46**

Волонтирање и граѓански активизам 48
Предизвици во општината 56
Младински политики и застапување 63
Предизвици на младите 67
Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 71
Младите во време на Ковид 19 пандемија 74

**Општина Карпош 80**

Волонтирање и граѓански активизам 81
Предизвици во општината 90
Младински политики и застапување 96
Предизвици на младите 100
Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 102
Младите во време на Ковид 19 пандемија 107

# Вовед

**„Идентификувај — Инспирирај — Делувај“** – пристап кон младинските проблеми по кој Младите можат е позната и на основа на кој до сега се имплементирани голем број успешни проекти. Од септември, 2019та година започна уште еден едногодишен проект во рамките на организацијата преку кој ќе ги идентификуваме младинските потреби и предизвици на локално ниво и ќе ги инспирираме младите, по што тие ќе делуваат за адресирање и решавање на истите. Проектот се спроведува на локално ниво, во општините Карпош, Аеродром и Ѓорче Петров.

Преку наведениот пристап Младите можат во текот на своето постоење успеа да реализира над 50 успешни иницијативи. Клучното тука е што овие иницијативи произлегуваа од млади луѓе кои никогаш претходно не биле активни граѓани или пак делумно биле вклучени во општествените процеси. Токму поради неговата успешноста го користиме истиот овој пристап. Исто така овој пристап директно опфаќа решавање на идентификуваниот проблем на овој проект. Преку овој пристап, младите ќе започнат да бидат активни во своите локални заедници, ќе се запознаат со работата на локалните власти, ќе генерираат решенија за предизвиците во своите заедници и ќе придонесат за нејзин развој.

Преку проектот **„Младински локални банки”** се очекува да се воспостави систем кој ќе ги поддржува иницијативите на младите засновани на локалното младинско лидерство на поодржлив начин. Проектот има за цел да создаде механизам за соработка помеѓу властите и младите, што резултира со државно финансирање на младински проекти. Целиот процес за основање ќе трае една година (септември 2020 – септември 2021) и за тоа време ќе им овозможи на 30 учесници да дејствуваат како креатори на промени во нивните заедници, три општини во Скопје. Со обезбедување пристап и видливост до секојдневното функционирање на локалната власт, младите кои ќе бидат вклучени ќе станат уште помотивирани, вклучени и ќе развиваат начини на размислување со доза на одговорност и отчетност кон заедницата. Проектот се очекува да биде пример за придонес кон локалните заедници со намера да продолжат да се развиваат и во други општини низ целата земја.

Младински банки се фондови предводени од младите кои обезбедуваат средства за поддршка на проекти креирани од млади луѓе кои се фокусираат на решавање на одреден проблем во локалната заедница. Преку банките за млади, младите се чувствуваат исполнето - ги реализираат своите идеи и потенцијал, ја подобруваат средината во која живеат. Младинските банки им помагаат на младите да развијат чувство на припадност кон заедницата во

која живеат - тие се оние што преку свои иницијативи организираат паркови во нивните општини, градат игралишта, поставуваат клупи, садат дрвја, организираат обуки, спортски настани, улични фестивали и разни помали и поголеми настани. Младинските банки се иновативен модел и програма за создавање грантови кои овозможуваат финансирање на локални акции од неформални младински групи за промовирање на заедницата. Младите одлучуваат какви активности да поддржат, тие управуваат со моделот и младите имаат корист од спроведените проекти. Преку моделот на младински банки, се дели одговорноста и отчетноста, се донесуваат одлуки за распределување на ресурсите во рацете на младите кои делуваат филантропски, премостуваат поделби, преземаат лидерски улоги и на тој начин го поттикнуваат нивниот активистички дух.

**„Младински локални банки“**, е проект кој Здружението на граѓани Младите можат го имплементира, а е поддржан од Американската амбасада во Република Северна Македонија.

# За Младите можат

**Младите можат** е здружение на граѓани, формирано од млади за млади на 28 мај, 2009 година во Скопје. Постоиме 11 години и броиме над 60 активни членови и над 2000 млади луѓе кои биле дел од нашите активности, кои придонесуваат во работата на организацијата.

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството. Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

Цели во кои веруваме и ги застапуваме се: зголемување на свеста кај младите луѓе за активно граѓанство; давање можности на младите луѓе за реализација на младински иницијативи и креативно изразување на нивните мислења и ставови; иницирање на личен развој на младите луѓе преку младинска работа и неформално образование и промоција на човекови права и слободи на младите луѓе.

# Зошто младинско учество?

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, односно граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општеството и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани.

Врската помеѓу граѓанското учество и социјалната вклученост е особено важна за маргинализираните групи, како на пример етничките малцинства и особено младите, кои често се опишувани како апатична, неангажирана и социјално исклучена група.

Младите се фактор за промени, потенцијал за кој треба да се охрабрува и поддржува, пред се од нивните општества. Затоа, нивната улога во денешните општества е од големо значење за демократските процеси, па заради тоа нивното оспособување, развој и подготвеност се од клучно значење. Во Република Северна Македонија младите сочинуваат речиси една четвртина од целото население, или поточно 480.828 жители од вкупно 2.022.547 на возраст од 15-29 години[1]. Во Република Северна Македонија не постои организиран и системски пристап во подршка на младинското учество, додека прашањата на младите се адресираат од различни институции на национално и локално ниво.

Младинското учество го дефинира пред се односот помеѓу младите и институциите односно донесувачите на одлуки. Оттаму младинското учество подразбира вклучување на младите во процеси на носењето на одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање на идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите.

Меѓутоа активното учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина.

---

**1:** Официјален податок според Државен завод за статистика – www.stat.gov.mk

Во јануари 2020 година, за првпат во нашата држава се донесува првиот Закон за младинско учество и младински политики[2], со кој се регулираат одредени младински прашања. Со овој закон за првпат се дефинира категоријата млади во државата, се дефиниратт формите на младинско учество и претставување, младинското учество, политиките и сервисите за млади. Од друга страна, фактот дека во јануари 2021 година се уште не се преземени значителни чекори за негова имплементација, укажува дека воспоставувањето на законска рамка за регулирање на младинските прашања не е доволно. Имајќи ги на ум наведените состојби, неопходно е да се работи напорно за да се подобри положбата на младите на локално и национално ниво и да се овозможат услови за вистинско младинско учество.

**2:** Закон за младинско учество и младински политики – www.zakonzamladi.ams.gov.mk

# Цел и методологија на истражувањето

Актуелната ситуација со младите на локално ниво, ја поттикна потребата да се добијат конкретни податоци за вклученоста на младите во процесите на донесување одлуки и нивното учество во општествените текови на локално ниво. Во таа насока, Здружение на граѓани Младите можат спроведе истражување во општините Аеродром, Ѓорче Петров и Карпош во периодот ноември – декември 2020, користејќи два пристапи:

1. **Квалитативен пристап преку спроведување на фокус групи**
2. **Квантитативен пристап преку спроведување на телефонски анкети**

Преку квалитативниот пристап беа спроведени вкупно 3 фокус групи, по една во општините Аеродром, Ѓорче Петров и Карпош. Фокус групите беа одржани онлјан преку онлајн апликацијата zoom, поради актуелната состојба со вирусот Ковид 19.

Вкупно 11 млади, жители на општината Аеродром учествуваа фокус групата, од кои 4 се мажи, а 7 жени.

Во одржаната фокус група во општината Ѓорче Петров учествуваа вкупно 6 млади, од кои 4 се мажи, а 2 жени.

Во одржаната фокус група во општината Карпош, учествуваат вкупно 9 млади, од кои 3 се мажи, а 6 жени.

Преку квалитативниот пристап од вкупниот број млади луѓе во општина Аеродорм, на возраст од 15 до 29 години кој изнесува 15 602, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Статистичката грешка на испитаниците во сите општини е +/- 7% со ниво на доверба 95%. Со телефонското истражување во општината Аеродром се опфатија вкупно 169 испитаници, од кои 80 (47.3%) беа мажи и 89 (52.7%) беа жени. Во општината Ѓорче Петров, од вкупниот број на млади луѓе кој изнесува 7 758, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Со телефонското истражување во општината Ѓорче Петров се опфатија вкупно 168 испитаник, од кои 86 (51.2%) беа мажи и 82 (48.8%) беа жени. Во општината Карпош, од вкупниот број на млади луѓе кој изнесува 9 930, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Со телефонското истражување во општината Карпош се опфатија вкупно 168 испитаник, од кои 85 (50.6%) беа мажи и 83 (49.4%) беа жени.

Анализата на спроведеното истражување ги сумира резултатите од квалитативната анализа (фокус групи) и квантитативната анализа (телефонско истражување) во трите општини, во 6 области и тоа:

1. **Волонтирање и граѓански активизам**
2. **Предизвици во општината**
3. **Младински политики и застапување**
4. **Предизвици на младите**
5. **Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади**
6. **Млади во време на Ковид 19 пандемија**

# Општина Аеродром

# Волонтирање и граѓански активизам



Општина Аеродром — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Младите учесници на фокус групата, најпрво дискутираа околу нивната вклученост во процесот на волонтирање, нивните почетоци како и евентуалните придобивки од волонтерството. Сите учесници досега имаа волонтирано. Најголемиот дел од нив се вклучиле во овој процес преку граѓанските организации и еден учесник во рамки на политичка партија. Исто така речиси сите учесници се вклучиле во овој процес додека биле во средно училиште. Најчесто спомнувани организации во кои волонтирале се Младите можат, Црвен крст и Национален младински совет на Македонија.

> Ако не беше волонтирањето, јас немаше да бидам ова што сум сега. Дефинитивно ми помогна да созреам.

Машко, 17 години

Главни причини кои ги мотивирале младите да се вклучат се премногу слободно време и желбата да се вклучат и да придонесат и помогнат на луѓето во заедницата, понатаму запознавањето на нови луѓе, стекнување на нови пријателства, стекнување на нови вештини. Што се однесува до можностите и информациите, сите учесници се сложија дека постојано се нудат најразлични опции за вклучување на секоја поединец во процесот на волонтирање.

## Квантитативна анализа

На локално ниво, според податоците добиени од телефонските анкети, само мал дел (20.1%) од испитаниците во моментов се вклучени во некоја организација или младински клуб. Помалку од половина од испитаниците (40.8%) никогаш досега не биле вклучени, а 39.1% во моментов не се, но некогаш порано биле вклучени во организација или клуб.

Дали моментално си или некогаш си бил/а вклучен/а во некоја организација или клуб?




графикон 1

Вкрстени по пол може да се забележи дека жените повеќе волонтирале од мажите. Имено повеќе од три четвртини (75.3%) од жените имаат некогаш волонтирано, додека кај мажите овој процент изнесува 53.8%.

Дали некогаш си учествувал/а во каква било волонтерска работа или активност?




графикон 1.2

Испитаниците коишто во моментов не се вклучени/никогаш не биле вклучени во некоја организација или клуб беа запрашани кои се причините поради тоа. Најголем дел од испитаниците одговориле дека обврските коишто ги имаат во училиште или на работа (48.1%) е главната причина поради нивно невклучување. За разлика од нив една петина од испитаниците (20.7%) одговориле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Потоа следуваат 16.3% од испитаниците во Аеродром кои одговориле дека никогаш не помислиле на ваква можност.

Зошто не си дел од некоја организација/клуб?




графикон 2

Понатаму, младите беа запрашани дали некогаш учествувале во волонтерска работа или активност. *Под волонтерска работа се подразбира доброволно давање услуги, знаења, вештини и/или вршење други активности во корист на други лица, организации, институции и сл. без надомест).

Речиси две третини од испитаниците (65.1%) кажале дека некогаш имаат волонтирано, додека една третина (33.7%) никогаш досега немаат волонтирано.

## Дали некогаш си учествувал/а во каква било волонтерска работа или активност?




графикон 3

Најголем дел од испитаниците коишто одговориле дека досега имаат волонтирано (41.1%) може да се забележи дека започнале бидејќи биле приморани да волонтираат (од училиште/работа/семејство), потоа со 25.0% следуваат оние на кои другар/ки им препорачале да се вклучат и 13.4% од испитаниците кои биле заинтересирани за областа во која волонтирале.

## Како започна да волонтираш?




графикон 4

Зборувајќи за причините коишто ги мотивираат младите да волонтираат, нешто повеќе од половина од испитаниците или 50.3% одговориле дека сакаат да им помогнат на луѓето и да ги подобруваат работите, додека пак 10.7% од испитаниците како главна причина за волонтирање го навеле нивното чувство дека има ваква потреба во заедницата од која се дел.

## Кои се причините што те мотивираат да волонтираш?

графикон 5




Нешто повеќе од половина од испитаниците (56.2%) сигурно е дека би волонтирале во заедницата доколку имаат можност и време, а исто така значително висок е и процентот (36.7%) коишто веројатно би волонтирале.

## Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?




графикон 6

Запрашани во кои од наведените области би сакале да волонтираат, одговорите на испитаниците се поделени и различни. Сепак, 30.6% од испитаниците би волонтирале со деца/млади надвор од училиште, 16.6% би волонтирале за заштита на животната средина и 14.0% би волонтирале во областа на образованието.

Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш? графикон 7




Најголем дел од испитаниците (66.2%) би волонтирале во граѓанскиот сектор, потоа 17.8% би волонтирале во државниот и 9.6% во приватниот сектор.

Во кој сектор би волонтирал?




графикон 8

На прашањето на каков начин би волонтирале, евидентно е дека организацијата на настани (39.5%) е најпривлечна за младите од Аеродром, додека 17.8% би волонтирале преку менторство и помагање на луѓе и 15.3% би волонтирале на собирање донации/спонзорства.

## На каков начин најверојатно би волонтирал/а?

графикон 9




Во однос на тоа колку често би волонтирале, на прво место е бројот на испитаници кои би волонтирале неколку пати во месецот (43.9%), а веднаш зад нив 27.4% од испитаниците одговориле дека би волонтирале барем еднаш во неделата. Неколку пати во годината би волонтирале 21.7% од испитаниците.

## Колку често волонтираш / би волонтирал/а?

графикон 10



На крај од оваа секција младите беа запрашани кои се според нив очекувани придобивки од волонтирањето. Повторно имаме поделени мислење помеѓу младите, меѓутоа најголем дел од испитаниците (30.6%) одговориле дека се чувствуваат задоволни кога ќе постигнат резултати или некаква промена. За разлика од нив 23.6% уживаат да помагаат и да бидат несебични и 15.3% кажале дека им се дава шанса да стекнат нови знаења и вештини.

### Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето?




графикон 11

# Предизвици во општината



Општина Аеродром — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите се неутрални во однос на нивното задоволство со животот во општина Аеродром. Имено сите учесници ја посочија местоположбата на општината како позитивен фактор кој допринесува да имаат повеќе можности како млади лица. Исто така најголем дел од нив никогаш не би се преселиле од општината.

Од друга страна пак, негативните аспекти т.е. работите кои им недостигаат на младите се културни центри, инфо центар за млади во рамки на локалната самоуправа, формирање на совет на млади како и проблемот со пренаселеноста и загадувањето на воздухот кој го истакнаа сите учесници.

Дел од учесниците наведуваат дека имале и обиди преку локалната самоуправа за основање на канцеларија на млади и биле одбиени, нивниот впечаток е ако не познаваш некоја личност во институциите, работите не можат да се променат во насока која ќе донесе подобрување на ситуацијата за младите во Аеродром.

> Млади луѓе поднесоа барање до општината за отворање на нов парк. Кога го одбија тој предлог, им ја убија мотивацијата на младите.

Женско, 17 години

## Квантитативна анализа

Преку квантитативното истражување младите беа прашани дали некогаш работеле индивидуално или во група за да решат некој проблем во нивната општина. Огромно мнозинство 70.4% никогаш не работеле во група со цел решавање на некој проблем во општината, додека 21.9% работеле на ваков проблем, но не во последните 12 месеци.




графикон 12

Во графиконот 13 можеме да го погледнеме мислењето на младите во однос на тоа колку се задоволни од општината во која живеат.

Според резултатите, речиси половина од нив (49.7%) делумно се задоволни од општината во која живеат, додека 22.5% се неутрални во однос на ова прашање.

## Генерално, колку си задоволен со општината во којашто живееш?

графикон 13




Двете работи кои најмногу им се допаѓаат на младите во општина Аеродром се парковите 34.0% и зелените површини 22.8%.




графикон 14

Во однос на двете работи кои младите сакаат да се променат во нивната општина, се издвојуваат загаденост на воздух (34.1%) и пренаселеност (16.4%).




графикон 14.1

Размислувајќи за кој е најголемиот проблем во општината, испитаниците во големо мнозинство 62.1% го издвојуваат загадувањето на животната средина. Следен проблем е лошата инфраструктура со 13.0%.

## Кој е најголемиот проблем во твојата општина?

графикон 15




Во однос на проблемите во Аеродром и што можат да направат младите за да ги решат, одговорите се следни. 35.5% сметаат дека делумно можат да направат нешто, 33.7% делумно можат да направат нешто и 24.3% не можат да направат ништо.

## Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?




графикон 16

Најголем дел од најмладите испитаници 15-19 години, се најскептични дека можат тие лично нешто да променат во нивната општина. 40.9% од најмладите сметаат дека малку можат да направат нешто, додека оние од 20-29 години во најголем дел сметаат дека делумно можат да направат нешто.




графикон 16.1

На испитаниците им беа понудени две изјави како надополнување на претходното прашање. 67.5% имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто за да го подобрат општеството, додека 32.0%  сметаат дека подобрувањето на општеството е работа на други или на политичарите.




графикон 17

Двата најдобри начини за вклучување на младите од општината Аеродром, во општествените текови се преку социјалните мрежи (37.9%) и преку граѓанска организација (25.4%).

Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?




графикон 18

За крај на оваа секција младите беа запрашани дали би се отселиле од нивната општина и доколку да, каде би било тоа. 29.0% не би се отселиле, а 28.4% веројатно би се отселиле од општината. Кога би можеле да одберат дали би се преселиле во друга општина или надвор од државата, најголем дел од испитаниците (63.3%) би се преселиле надвор од државата.

## Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?

графикон 19




## Доколку се отселиш од твојата општина, каде би се преселил?

графикон 19.1




Кога станува збор за отселување од општината, возрасните категории ни даваат различни податоци. Испитаниците од 15-19 години во најголем дел (30.3%) веројатно би се отселите. Оние од 20-24 години, во најголем дел (30.9%) никогаш не би се отселиле и оние од 25-29 години во најголем дел (37.5%) веројатно не би се отселиле.

графикон 19.2



# Младински политики и застапување



Општина Аеродром — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите од Аеродром не се доволно запознаени со поимот младинска политика. Речиси сите учесници сметаат дека овој термин е тесно поврзан со основање на младинските совети и вметнување на оваа проблематика во закон за млади во Република Северна Македонија. Евидентно е дека на младите им е потребно информирање за овој термин и подобро запознавање со оваа тема. Слична е ситуацијата и за застапувањето на младите. Во моментов младите од Аеродром сметаат дека нивните ставови и нивните потреби не се канализирани и за ситуацијата да се промени пред се е потребно нивно организирање и слушање на гласот на младите.

> Во нашата општина фалат места за социјализација на млади и простор каде младите ќе можат да творат.  Такво нешто во нашата општина или го нема или не сме запознаени дека го има.
>
> Машко, 18 години

## Квантитативна анализа

Во овој дел од истражувањето младите одговараа на прашања на тема донесувањето на младинските политики.

Најпрво, 84.0% од испитаниците не се запознаени со тоа што е младинска политика. Од оние кои одговориле дека знаат што е младинска политика, само 22.2% навеле пример кој е поврзан со младинска политика.




графикон 20

Понатаму, графикон 21 дава приказ на вклученоста на младите во носењето на одлуки во нивната заедница.

## Колку сметате дека лично сте вклучен/а во носењето одлуки во Вашата заедница?




графикон 21

Речиси половина од испитаниците (49.1%) сметаат дека воопшто не се вклучени во процесите на носење одлуки во општината, додека само 21.3% сметаат дека донекаде се вклучени во носењето на одлуките на локално ниво.

Оние испитаници коишто сметаат дека воопшто не се вклучени во донесувањето на одлуките во општината Аеродром, беа прашани поради што не се вклучени. 54.2% од испитаниците сметаат дека тоа е поради непостоењето на механизам за соработка помеѓу граѓаните и општината. Од друга страна, 18.1% од испитаниците, велат дека невклученоста е поради личната незаинтересираност.

## Поради што не сте вклучени?




графикон 22

Испитаниците исто така беа прашани дали некогаш учествувале во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на општината Аеродром. Огромни 92.3% од испитаниците одговориле дека никогаш немале можност да учествуваат во ваков процес. 4.7% имаат учествувано, но не во последните 12 месеци.

## Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?

графикон 23




Графикон 23 дава приказ на запознаеноста на младите од општината Аеродром со работата на локалните власти и распределбата на буџетот. Повторно, огромни 62.1% од испитаниците воопшто не се запознаени, а 24.9% делумно се запознаени.

## Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?




графикон 24

# Предизвици на младите



Општина Аеродром — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Младите од Аеродром на темата предизвици како најприоритетен проблем го издвојуваат загадувањето на воздухот. Имено главниот заклучок е дека квалитетот на воздухот е многу низок и се помасовното градење на згради и големиот број на возила во општината не придонесуваат за подобрување на оваа ситуција. Дел од учесниците сметаат дека и одржување на хигиената во рамки на одредени делови од општината треба да биде подобро.

Како позитивен аспект се спомнува јавниот транспорт и достапноста на јавен превоз и нивната поврзаност со други општини.

На тема вработување и кариерно насочување, младите не ја гледаат општината како би можеле да помогне за подобрување на оваа ситуација. Тука се потенцира дека поради големиот број на кафулиња во општината, можноста за сезонска работа која носи финансии е работење како келнер/ка во некое од овие кафулиња.

Младите наведуваат дека улиците и булеварите се во добра состојба, но дека треба повеќе да се посветува внимание на пешачките и велосипедските патеки кои велат дека ги има само во урбаните делови на општината, но треба да се работи на нивно одржувања, проширување како и зголемување на безбедноста на младите и луѓето кои ги користат овие патеки.

> Се загради кејот и наместо да се направи соодветна рута за заобиколување, луѓето треба да поминат преку булевар и преку два паркинзи. Мора да се превземе нешто и на ова поле и работите да не се прават про-форма.

Женско, 28 години

### Квантитативна анализа

Приоритети на младите од Аеродром во однос на неколку категории кои ги засегаат се:

Како два најголеми приоритети за вработување, испитаниците ги издвојуваат партизираноста и непотизмот 29.9% и немање на соодветни вештини и искуство 22.2%.




графикон 25

Следна област за издвојување на два приоритети е инфраструктурата. Според испитаниците 27.2% сметаат дека преголемиот број на автомобили е најголем приоритет, како и пренаселеноста 26.3%.




графикон 26

Приоритети за животната околина според младите се преголема загаденост на воздухот 42.0%, како и отпад и загаденост на јавни површини 17.2%.




графикон 27

Како два приоритети за младинско учество според испитаниците од општина Аеродром произлегуваат недостаток на настани и проблеми за вклучување на младите 23.4% и немање информации за можности 20.7%.




графикон 28

Од областа на културата и спортот се издвојуваат непостоење на културни манифестации за млади 40.8% како и непостоење на културен центар 37.9%.

Култура и спорт: ДВА приоритети




графикон 29

# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



Општина Аеродром — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Впечатокот за отвореност и поддршка на општината за иницијативи кои доаѓаат од младите луѓе е дека самата општини речиси и воопшто да нема вработено луѓе кои би се занимавале со оваа проблематика и би биле насочени кон некоја иницијатива која би дошла од млади луѓе и би се однесувала на млади луѓе.

Вклученоста на младите е најчесто преку образовните институции (основно и средно училиште). Она што е впечатливо за вклучување на младите на локално ниво е дека нивниот став и нивното мислење најчесто го прикажуваат преку социјалните мрежи, но тие сметаат дека нивното мислење и потребите не се земаат доволно во предвид при процесот на одлучување и политиките кои се креираат за сите млади луѓе во Аеродром.

> Ние како млади се ангажиравме да донесеме невладина организација или предавачи на тема сексуално образование и доставивме барање до директорот на училиштето. Иако имаше одредени негодување, по две години, на крајот успеавме.

Машко, 28 години

### Квантитативна анализа

Испитаниците се поделени на прашањето дали општина Аеродром е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе. 39.1% одговориле дека не е отворена, а 37.3% одговориле дека општината е отворена за ваква иницијатива.




графикон 30

Мажите и жените се со поделени ставови на ова прашање. Повеќе од половина жени (52.8%) сметаат дека општината е отворена за инцијативи на млади луѓе, додека исто така повеќе од половина мажи (53.8%) имаат спротивно мислење за поддршка на општината за иницијативи од млади луѓе.




графикон 30.1

И на следното прашање во однос на дали сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе, испитаниците се поделени во ставот. Имено 44.4% рекле дека општината ќе поддржи ваква иницијатива, а 39.1% рекле дека општина Аеродром нема да поддржи ваква иницијатива.

Дали сметаш дека општината во која живееш финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе?




графикон 31

Најмладите (15-19 години) и највозрасните (25-29 години) во најголем дел сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе, а пак оние од 20-24 години, во најголем дел сметаат дека општината финансиски не би поддржала иницијатива од млади луѓе.




графикон 31.1

# Младите во време на Ковид 19 пандемија



Општина Аеродром — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

За квалитетот на образованието во време на Ковид 19 пандемијата мислењата се поделени. Помал дел од учесниците сметаат дека квалитетот е на исто ниво како и претходно, додека поголемиот дел дека квалитетот е опаднат и притоа во овој процес најголем проблем е дигиталната писменост на наставниците. Во однос на почитувањето на мерките за превенција и заштита од вирусот е дека младите не ги почитуваат доволно мерките и дека е потребно поголем ангажман од самите млади во насока на незагрозување на своето и здравјето на останатите.

Дел од младите напоменуваат дека и тие самите, но и други млади лица активно се вклучиле и помогнале на повозрасни и загрозени лица и почетокот на пандемијата досега.

> За мене почитувањето на мерките од страна на младите и покажување на личен пример е доволна помош.
>
> Машко, 19 години

### Квантитативна анализа

Мислењето за младите за нивната вклученост од започнување на Ковид 19 пандемијата.

78.7% од младите не се вклучиле лично во волонтерски акции со цел помош на ранливи категории на граѓани во време на Ковид 19 кризата, додека 20.1% од младите се вклучиле во ваква акција.




графикон 32

Во однос на нивната фрекфенција/честота на волонтирање во време на Ковид 19 дали се намалила, останала иста или се зголемила, испитаниците одговориле дека во 32.0% од случаите волонтираат поретко отколку претходно, а во 22.5% од случаите волонтираат исто како и претходно.

## Дали твојата фрекфенција/честота на волонтирање за време наКорона кризата се намали, се зголеми или остана иста како и претходно?

графикон 33




Младите од општина Аеродром кажале дека во време на Ковид 19 кризата имаат потреба од општината најмногу за бесплатни можности за работилници/курсеви за развивање на вештини со 37.3%, како и бесплатни можности за користење на дигитални алатаки (19.5%), бесплатна професионална поддршка и совети 17.2%.

## Каков вид на можности за едукација и справување со кризата ти се потребни во овој период, коишто може да ги понуди општината?




графикон 34

## Демографски податоци за истражувањето во општина Аеродром




Етничка припадност




Возраст (категории)



## Последно завршено образование







## Занимање



# Општина Ѓорче Петров

# Волонтирање и граѓански активизам



Општина Ѓорче Петров — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите од општина Ѓорче Петров биле вклучени во процесот на волонтирање од средношколските денови. Најголем дел од нив започнале со волонтирање преку граѓанските организации. Речиси сите учесници биле дел од хуманитарни акции и нивниот процес на волонтирање се одвивал во насока на помош на загрозени семејства. Сите учесници се изјаснуваат дека би продолжиле со процесот на волонтирање и во иднина. Во однос на придобивките од волонтирањето како главни се издвојуваат: запознавање на нови луѓе и стекнување со нови вештини. Во делот за граѓански активизам, дел од учесниците биле вклучени и во средношколските пленуми и учествувале на средношколски протести.

> Организиравме заедно со повеќе средни училишта движење во 2013 година кое потоа прерасна во масовен средношколски протест

Женско, 24 години

## Квантитативна анализа

Според податоците од телефонските анкети, половина од испитаниците (52.4%) никогаш не биле вклучени, а само 12.5% моментално се вклучени во некаква организација или клуб.




графикон 1

Од оние испитаници коишто никогаш не биле вклучени или во моментов не се вклучени во некаква организација или клуб, најголемиот дел од нив (40.1%) како причина ги наведуваат нивните веќе постоечки обврски во училиште или на работа. 32.7% одговориле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Останатите резултати се прикажани на графикон 2.

графикон 2




Кога станува збор за вклученоста на младите во волонтерски активности ситуацијата е следната. Половина од испитаниците (52.4%) никогаш немаат волонтирано, додека 47.6% имаат.




графикон 3

Интересно е дека најголем дел од жените (57.3%) некогаш имаат волонтирано, додека спротивно на нив 61.6% од мажите никогаш немаат волонтирано.




графикон 3.1

Испитаниците коишто имаат волонтирано, беа запрашани како започнале. Најголем дел од нив 30.0% биле приморани од училиште/семејство/работа, а 28.8% другар/ка им предложиле да вклучат во вакви активности. Останатите одговори се претставени на графикон 4.




графикон 4

Запрашани кои се причините заради коишто волонтираат, одговорите се следни: 35.7% од испитаниците сакаат да им помогнат на луѓето и да ги подобрат работите во заедницата. Речиси сличен е процентот на испитаници кои како причини ги навеле запознавањето на нови луѓе и пријатели (15.5%) и шансата за стекнување нови знаења и вештини (14.3%).

## Кои се причините што те мотивираат да волонтираш?




графикон 5

На графикон 6 е претставена фрекфенцијата на одговори дали доколку имаат можност и време младите можат да се замислат како волонтери во заедницата. 44.0% од испитаниците веројатно можат да се замислат, додека 35.1% сигурно можат да се замислат. Од резултатите може да се заклучи дека постои желба за волонтирање кај младите од Ѓорче Петров.

## Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?

графикон 6




Кога станува збор за областите во кои младите би волонтирале, најголем дел од нив (28.6%) би волонтирале во работа поврзана со млади и деца, надвор од формалното образование, а 15.0% би волонтирале во секторот образование. Останатите резултати се претставени на графикон 7.

## Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?

графикон 7



Како најпривлечни сектори за волонтирање на младите од Ѓорче Петров се граѓанскиот 51.9%, потоа следува приватниот 23.3% и државниот 21.8%.

Во кој сектор би волонтирал?




Еднаков е бројот на испитаници кои одговориле дека начинот на којшто би волонтирале е преку собирање на донации/спонзорства и организација на настани по 24.1%. Трета најпривлечна област  е менторство и помагање на луѓе 15.8%.

На каков начин најверојатно би волонтирал/а?

графикон 9




Во однос на фрекфенцијата на вклучување на младите во волонтерски активности, значително мал број на испитаници би волонтирале секојдневно (4.5%). За разлика од нив, речиси половина од испитаници би волонтирале неколку пати во месецот (48.1%).

## Колку често волонтираш / би волонтирал/а?

графикон 10




На крај од секцијата за волонтирање, испитаниците беа прашани кои се според нив очекуваните придобивки од волонтирањето. Најголем дел од нив (27.8%) одговориле дека уживаат да помогааат и да бидат несебични. Сличен е процентот на испитаници кои како придобивка ги навеле шансата да стекнат нови знаења/вештини односно 26.3%.

## Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето?

графикон 11



Како најголема придобивка од волонтирањето за најмладите (15-19 години) и најстарите (25-29 години) е нивното уживање да помагаат и да бидат несебични, додека за оние од 20-24 години, најголем дел велат дека шансата да стекнат нови знаења/вештини е нивна најголема придобивка.

Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето? графикон 11.1



# Предизвици во општината



Општина Ѓорче Петров — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Сите млади учесници на фокус групата се задоволни од животот во Ѓорче Петров и од она што го нуди општината за младите лица. Исто така сите учесници се изјаснуваат дека би останале да живеат во рамки на општината, а дел од нив доколку имаат можност да се преселат тоа би било надвор од земјата. Позитивните аспекти за младите е местоположбата на општината и јавниот траснспорт преку кој има концекција со другите места од градот. Од друга страна пак како полиња на кои треба да се посвети внимание најмногу се издвојува потребата за место каде што би можеле да се собираат и да споделуваат идеи. Од областа на спортот и културата исто така постојат одредени забелешки дека има недостаток на тематски настани за младите кои живеат во општината како и недостаток на маалско дружење и поголема социјализација на младите.

> Недостига маалски живот и дружење на млади, кои во последно време одат во соседни општини бидејќи имаме недостаток од кафулиња
>
> Машко, 23 години

## Квантитативна анализа

Во однос на ангажираноста на младите во нивната локална заедница, од спроведените телефонски анкети се забележува низок степен на вклученост во опшествените текови. Незначителни 4.2% од испитаниците индивидуално или во група работеле на решавање на некаков проблем во нивната општина во изминатите 12 месеци. Огромни 79.8% од испитаниците, пак никогаш досега не го сториле тоа.

Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?




графикон 12

Запрашани за задоволството од нивниот живот во општината, 45.8% од испитаниците одговориле дека делумно се задоволни, додека пак 23.8% се неутрални во однос на ова прашање. (графикон 13)

Генерално, колку си задоволен со општината во којашто живееш? графикон 13




Запрашани кои две работи им се допаѓаат најмногу во Ѓорче Петров, младите одговараат дека парковите (26.4%) и зелените површини (10.9%), се најдобрите работи за нив.

Кои две работи ви се допаѓаат најмногу во општината?




графикон 14

За разлика од работите кои им се допаѓаат, двете работи кои сметаат дека треба да се подобрат се инфраструктура (25.0%) и хигиена (8.6%).

Кои две работи сметате дека треба да се подобрат во општината? графикон 15




28.6% од испитаниците сметаат дека најголем проблем во општината Ѓорче Петров е загаденоста на животната средина. Понатаму, 16.1% од испитаниците како најголем проблем ја наведуваат лошата инфраструктура во општината, а пак за 13.7% од испитаниците тоа е недостатокот на можности за млади луѓе.

Кој е најголемиот проблем во твојата општина? графикон 16



Висок е процентот на испитаници кои сметаат дека лично тие не можат да направат нешто за да ги подобрат проблемите во нивната локална заедница (35.1%). Веднаш по нив, 30.4% од испитаниците сметаат дека тие лично можат да направат многу малку.

Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?




графикон 17

Најголем дел од најмладите (15-19 години) сметаат дека делумно можат да променат нешто околу проблемите во општината, додека оние 20-29 години во најголем дел велат дека не можат да направат ништо по ова прашање.




графикон 17.1

Од друга страна пак, младите се поделени дека подобрувањето на општеството е работа на политичарите или на други 51.2% и дека тие имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто со цел да го подобрат општеството 48.2%.

## Одбери една од следните две изјави

графикон 18




Мажите и жените се со поделени ставови на ова прашање. Повеќе од половина жени (54.7%) сметаат дека имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто да го подобрат општеството, додека исто така повеќе од половина мажи (58.5%) имаат спротивно мислење т.е. за нив подобрувањето на општеството е работа на други или на политичарите.




графикон 18.1

Според мислењето на мнозинството од младите испитаници, најдобар начин да се вклучат младите во општествените текови е преку социјалните мрежи (35.7%). Следни се оние кои сметаат дека најдобар начин за вклучување е преку граѓанските организации 29.8%.

## Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?




графикон 19

Младите се поделени кога станува збор за нивно евентуално отселување од општината Ѓорче Петров. 30.4% веројатно не би се иселиле од општината, а 29.2% веројатно би се иселиле од општината. Доколку би имале можност за отселување, високи 73.8% би се иселиле надвор од државата.

## Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?

графикон 20




## Доколку се отселиш од твојата општина, каде би се преселил?

графикон 20.1



# Младински политики и застапување



Општина Ѓорче Петров — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Поимот младинска политика е речиси целосно непознат за младите во Ѓорче Петров. Учесниците не биле вклучени во процес на креирање на младинска политика и не се вклучени во донесување на одлуки во нивната заедница. Исто така не се запознаени со можностите и ситуациите каде и на каков начин можат да влијаат. Тие сметаат и дека младите треба да се вклучат во општествените процеси и да даваат предлози на теми кои се поврзани со млади. Дел од учесниците очекуваат дека ќе се формира тело во рамки на општината на кое примарна задача ќе му биде решавање на проблемите и креирање на можности за младите.

> Во моментов имаме совет за спорт во рамки на општината и очекуваме дека во догледно време ќе има и совет за млади

Машко, 27 години

### Квантитативна анализа

Резултатите од телефонските анкети исто така покажуваат дека огромен процент од младите не знаат што е поимот младинска политика (89.3%). Од оние пак кои одговориле дека знаат што е младинска политика само 7.1% навеле пример кој е поврзан со оваа тема.




графикон 21

Исто така висок е процентот на млади коишто сметаат дека воопшто не се вклучени во носењето на одлуки во нивната локална заедница (63.7%). За разлика од нив 16.1% од испитаниците сметаат дека донекаде се вклучени во носењето на одлуки.

Колку сметате дека лично сте вклучен/а во носењето одлуки во Вашата заедница?




графикон 22

Од испитаниците коишто сметаат дека не се вклучени во носењето на одлуки во нивната локална заедница, најголем дел како причина ја навдуваат личната незаинтересираност (33.6%) и непостоењето на механизам за соработка помеѓу граѓаните и општината (24.3%).

Поради што не сте вклучени?




графикон 23

Негативни се резултатите и во однос на вклученоста на младите во подготовката на програмата и буџетот на општината Ѓорче Петров т.е. 91.1% од испитаниците сметаат дека воопшто не се вклучени во подготовката на програма и распределбата на буџетот на општината.

## Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?

графикон 24




Следствено на претходното прашање, 73.2% од испитаниците воопшто не се запознаени со работата на локалните власти и распределбата на буџетот.

## Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?




графикон 25

# Предизвици на младите



Општина Ѓорче Петров — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Дел од учесниците наведуваат проблеми со дупките на улиците во одредени делови од општината. Исто така сите учесници велат дека има подобрување на состојбата во општината на тема инфраструктура, како и на поле осветлување на улици.

Недостасува бизнис центар во општината каде би се привлекле повеќе компании и би се отвориле можности за вработување на младите. Друг предизвик на кој треба да се посвети внимание е зголемување на сообраќајната култура каде посочија дека во изминатиот период се случувале повеќе незгоди во општината и при тие незгоди страдале млади луѓе.

Најголем дел од младите учесници имаат потреба од читална како и кино.

> Во моментов немаме читална и кино и сметам дека би биле интересни проекти доколку се отворат
>
> Женско, 20 години

## Квантитативна анализа

При телефонското истражување на темата за издвојување на приоритете, главните наоди се во продолжение.

Два најголеми приоритети за вработување, според младите во Ѓорче Петров се недостатокот на работни места 28.0% и партизираноста и непотизмот 27.4%.




графикон 26

Од областа на инфраструктурата. Според младите испитаници 16.4% ја наведуваат лошата инфраструктура, а со сличен процент 16.1% се издвојува и немањето на велосипедски и пешачки патеки.




графикон 27

Кај животната околина според младите двата приоритети се преголема загаденост на воздухот 30.1% и негрижа за уличните животни 17.6%.




графикон 28

Како два клучни приоритети за младинско учество според испитаниците од општина Ѓорче Петров произлегуваат немање информации за можности 20.5% како и невклученост и недостаток на консултација со младите во работата на општината/локалната власт 15.2%.




графикон 29

За младите во областа култура и спорт најприоритетни се непостоење на културни манифестации за млади 37.5% како и непостоење на културен центар 34.8%.




графикон 30

# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



Општина Ѓорче Петров — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Младите кои учествуваа на фокус групата не се запознаени дали општината досега поддржала некаков проект или иницијатива од страна на млади луѓе. Исто така младите не знаат дали општината консултира млади лица при креирање на буџетот и дали во рамки на реализираните проекти биле вклучени млади лица. Според нив за да се постигне одредено влијание во општината за младинска политика, најдобар начин за тоа да се претстави е преку младите советници од политичките партии.

> Во моментов, а и претходно во рамки на советот на општината младите се застапени преку подмладоците на политичките партии преки советници кои добиле мандат на локалните избори

Машко, 26 години

### Квантитативна анализа

Кога станува збор за иницијативи кои произлегуваат од млади луѓе кои доаѓаат од општината, како и идеи и конкретни проекти, младите од Ѓорче Петров на телефонското истражување ги даваат следните одговори.

Младите од Ѓорче Петров сметаат дека општината не е отворена за иницијативи од млади луѓе во 69% од случаите додека 23.2% одговориле дека општината е отворена за ваква иницијатива.

Дали сметаш дека општината во која живееш е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе?




графикон 31

Слична е ситуацијата како и на претходното прашање дали сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе. Имено 63.1% рекле дека општината нема да поддржи ваква иницијатива, а 28.6% пак одговориле дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе.

Дали сметаш дека општината во која живееш финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе?




графикон 32

# Младите во време на Ковид 19 пандемија



Општина Ѓорче Петров — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите биле вклучени во Ковид 19 пандемија преку донации на храна, заштитни маски и со помош при набавка на производи на лица кои им била потребна помош. Исто така беше напоменато дека од страна на општината имало донација во форма на таблети и лаптоти кои биле наменети само за млади лица. Во однос на образованието во време на пандемијата нотирано е дека квалитетот на образованието е опаднат откако почнала онлајн наставата и истото речиси и не функционира. Меѓутоа за овие недостатоци како главни причинители се студентите и учениците кои според дел од учесниците немаат сериозен пристап кон онлајн наставата.

> Студентите при онлајн настава се крајно несериозни и наоѓаат начин за манипулација и нивото на образование страда во овој период.
>
> Женско, 25 години

## Квантитативна анализа

Во време на светска пандемија предизвикана од вирусот Ковид 19, еве кои се ставовите на младите за нивната вклученост во оваа област.

85.1% од младите во Ѓорче Петров не се вклучиле лично во волонтерски акции за помош на ранливи категории на граѓани во време на Ковид 19 кризата. За разлика од нив 13.7% од младите се вклучиле во ваква акција.




графикон 33

За време на Ковид 19 кризата 32.1% од младите волонтираат поретко отколку претходно, а 8.9% од случаите волонтираат исто како и претходно.

## Дали твојата фрекфенција/честота на волонтирање за време на Корона кризата се намали, се зголеми или остана иста како и претходно?




графикон 34

Главни побарувања на младите од општина Ѓорче Петров во време на Ковид 19 кризата од општината се бесплатни можности за работилници/курсеви за развивање на вештини (33.3%), како и бесплатни можности за користење на дигитални алатаки (24.4%), и бесплатни филмови/книги/серии за поминување на нивното слободно време (23.2%).

## Каков вид на можности за едукација и справување со кризата ти се потребни во овој период, коишто може да ги понуди општината?




графикон 35

На најмладите (15-19 години) најпотребна им се бесплатни можности за работилници за развивање на вештини. За оние 20-24 години најпотребни им се бесплатни филмови/книги/серии за поминување на слободното време, додека на највозрасните најпотребни им се можности за користење на дигитални алатки.




графикон 35.1

## Демографски податоци за истражувањето во општина Ѓорче Петров




### Етничка припадност




### Возраст (категории)



## Последно завршено образование




## Занимање






# Општина Карпош

# Волонтирање и граѓански активизам



Општина Карпош — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

Сите млади учесници од општина Карпош биле вклучени во волонтерски активности. Имено секој од учесниците уште од средно училиште започнале со волонтирање. Најголем дел од нив волонтирале во граѓанскиот сектор. Исто така впечатливо е дека речиси сите учесници и во моментов се активни на полето волонтирање.

Младите биле мотивирани пред се од нивното опкружување и нивните блиски пријатели. Во однос на придобивките се издојуваат нивното кариерно насочување и стекнување на нови вештини, како и запознавање на нови пријателства.

Најголем дел од учесниците започнале со волонтирање во Младите можат, Гоу Грин (Go Green) и во рамки на нивните средни училишта на територија на општина Карпош.

Во однос на можностите за волонтирање и прибирањето на информации, најголем дел од учесниците истакнуваат дека се многу задоволни од можностите кои им се нудат и од самите училишта кои активно учествуваат во овој процес.

> Имавме високо функционален училишен парламент со педагошка служба која секогаш излегува во пресрет на учениците и редовно поминуваат соопштенија за оние кои покажуваат интерес за волонтирање.
>
> Машко, 18 години

### Квантитативна анализа

Според податоците добиени од телефонските анкети, една четвртина од испитаниците (25.0%) во моментов се вклучени во некоја организација или младински клуб. 41.7% од младите во општина Карпош никогаш досега не биле вклучени, а 33.3% во моментов не се, но некогаш порано биле вклучени во организација или клуб.

Дали моментално си или некогаш си бил/а вклучен/а во некоја организација или клуб?




графикон 1

Младите кои во моментов не се вклучени или никогаш не биле вклучени во некоја организација или клуб беа запрашани кои се главните причини поради тоа. Најголем дел од испитаниците рекле дека обврските коишто ги имаат во училиште или на работа (41.3%) се главната пречка поради нивно невклучување. За разлика од нив една четвртина од испитаниците (24.6%) одговориле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Млади кои никогаш не помислиле на ваква можност се 11.9%.

графикон 2



На прашањето дали некогаш учествувале во волонтерска работа или активност, одговорите се следни:

Половина од нив (53.0%) кажале дека некогаш имаат волонтирано, додека останатите (47.0%) никогаш досега немаат волонтирано.




графикон 3

Најголем дел од жените (56.6%) имаат волонтирано, додека спротивно на нив 50.6% од мажите никогаш немаат волонтирано.




графикон 3.1

Од оние кои досега имаат волонтирано, најголем дел 38.2% започнале бидејќи другар/ка им предложиле да го сторат тоа, следни се оние кои некој член на организација им предложил ваков ангажман (19.1%) и оние кои биле приморани од училиште/работа/семејство 18.0%.




графикон 4

Најважна причина која ги мотивира младите од Карпош да волонтираат, е дека сакаат да им помогнат на луѓето и да ги подобруваат работите (42.3%), додека пак 13.7% од испитаниците како главна причина за волонтирање ја навеле запознавањето на нови луѓе и нови пријатели.

## Кои се причините што те мотивираат да волонтираш?

графикон 5



Доколку имаат можност и време 48.8% веројатно е дека би волонтирале во заедницата, а исто така значително висок е и процентот (38.1%) коишто сигурно би волонтирале.

Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?




графикон 6

Три најпривлечни области за волонтирање за младите од Карпош се: Работа со деца и млади надвор од училиште (21.2%), заштита на животната средина (19.9%) и образование (17.8%).

Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?




графикон 7

Области во кои младите би волонтирале низ призма на возраста се различни. Имено најмладите 15-19 години во најголем дел ви волонтирале во образование. Од 20-24 години, би волонтирале со деца и млади (надвор од училиште), а пак оние 25-29 години во најголем дел би волонтирале за заштита на животната средина.

## Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?




графикон 7.1

Најголем дел од младите во општина Карпош (52.7%) би волонтирале во граѓански сектор, потоа 26.0% би волонтирале во државен и 7.5% во приватен сектор.




графикон 8

Следно младите беа запрашани на каков начин тие би волонтирале. Евидентно е дека организацијата на настани (26.7%) е најпривлечна за младите од Карпош. Следни две полиња од интересе се менторство и помагање на луѓе (21.2%) и собирање донации/спонзорства (15.8%).

## На каков начин најверојатно би волонтирал/а?

графикон 9




Младите за нивната честота на волонтирање ги даваат следните одговори. Најголем дел би волонтирале неколку пати во месецот (49.3%), потоа 26.7% од испитаниците одговориле дека би волонтирале неколку пати во неделата. Барем еднаш во неделата би волонтирале 20.5% од испитаниците.

## Колку често волонтираш / би волонтирал/а?

графикон 10




Последно прашања во оваа категорија е кои се според нив очекувани придобивки од волонтирањето. Речиси една третина од младите (32.9%) се задоволни кога ќе постигнат резултат/промена. За 23.3% стекнувањето на луѓе и пријатели е главната придобивка од волонтирањето и 17.8% и уживаат да помагаат и да бидат несебични.




графикон 11

За мажите во најголем дел (31.1%) најголема придобивка е срећавањето на луѓе и стекнувањето на пријатели, додека за жените во најголем дел (38.9%) задоволството кога ќе постигнат резултат/промена е најголема придобивка.




графикон 11.1

# Предизвици во општината



Општина Карпош — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Генерално, младите се задоволни со животот во општина Карпош и сите млади би останале и понатаму да живеат во рамки на општината. Доколку би се преселиле тоа би било само надвор од државата. Образованието е една од посилните страни и сите млади од Карпош се задоволни од образованиот процес. Од страна на младите се истакнува дека постојат паркови, но нивниот број треба да биде поголем. Како најголем проблем кој се истакнува се уличните кучиња, кои се застапени долж целата општина и младите сметаат дека општината треба да превземе конкретни чекори во насока на подобрување на оваа ситуцијата. Од апсект на безбедност, соживот, хигиена и велосипедски патеки ситуацијата е позитивна и сите млади ги поздравуваат чекорите кои се превземаат на овие полиња.

Дел од младите имаат потреба од културен центар и библиотека. Младите сметаат дека комуникацијата на општината и младите треба да биде подобра и поинтензивна со цел подобрување на ситуацијата во сите сфери од општината.

> Општината треба да има прашалник преку кој ќе собира мислења и предлози за подобрување на животот на младите.
>
> Женско, 23 години

## Квантитативна анализа

Првото прашање во оваа категорија е дали некогаш работеле индивидуално или во група за да решат некој проблем во нивната општина. Огромно мнозинство 72.0% никогаш не работеле во група за решавање на некој проблем во општината, додека 19.0% работеле на ваков проблем, но тоа не било во последните 12 месеци.

Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?




графикон 12

На прашањето колку се задоволни од општината во која живеат, одговорите на младите од Карпош се прикажани во графикон 13.

Речиси половина од нив (48.8%) делумно се задоволни од општината во која живеат, додека 23.2% многу се задоволни од нивната општина на живеење.

Генерално, колку си задоволен со општината во којашто живееш? графикон 13




За младите од Карпош, парковите и зелените површини во рамки на општината се двете работи кои најмногу им се допаѓаат по 19.5%.

Кои две работи ви се допаѓаат најмногу во општината?




графикон 14

Согласно одговорите на младите две работи кои тие би ги промениле се: хигиена во 17.0% од случаите и загадување на воздух во 12.8% од случаите.

## Кои две работи сметате дека треба да се подобрат во општината?

графикон 15




Убедливо најголем проблем за младите во општината, е загадувањето на животната средина (42.9%). Следни два проблеми се лошата инфраструктура 14.9% и слабата економија и невработеноста 11.9%.

## Кој е најголемиот проблем во твојата општина?

графикон 16



Ставот на младите од Карпош за проблемите и колку нивната лична вклученост може да допринесе за решавање е: 41.1% сметаат дека делумно можат да направат нешто, 28.6% не можат да направат ништо и 20.2% малку можат да направат нешто.

Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?




графикон 17

При изборот помеѓу две изјави следствено на претходното прашање. 59.5% имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто за да го подобрат општеството, додека 38.7% сметаат дека подобрувањето на општеството е работа на други или на политичарите.

Одбери една од следните две изјави

графикон 18




Три најдобри начини за вклучување на младите од Карпош во сите општествените текови се преку социјалните мрежи (39.9%), преку граѓанска организација (20.8%) и преку организирање на јавни настани 16.7%.

## Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?




графикон 19

Младите беа запрашани дали би се отселиле од нивната општина и доколку да, каде би било тоа. Веројатно не би се отселиле 39.9%, а никогаш не би се отселиле 33.3% Кога би можеле да одберат дали би се преселиле во друга општина или надвор од државата, најголем дел од испитаниците (73.8%) би се преселиле надвор од државата.

## Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?

графикон 20




## Доколку се отселиш од твојата општина, каде би се преселил?

графикон 20.1



# Младински политики и застапување



Општина Карпош — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Младите се многу малку запознаени со терминот младинска политика и е впечатливо дека е потребно поголема едукација кон младите на оваа тема. Тие очекуваат дека младите треба да бидат повклучени во општествените текови. Исто така речиси сите учесници очекуваат преку младинските совети дека младите ќе имаат одлучувачка моќ и ќе носат одлуки во име на младите. Никој од младите во Карпош не бил дел од процес на одлучување или давање на мислење при креирање на буџет за млади. Она што имаат слушнато е дел од буџетот кој е наменет за млади, оди за реновирање на училишта.

Сите млади учесници сакаат да бидат дел од овој процес и да придонесуваат за подобрување на работите.

> Младите преку нивниот придонес, ќе помогнат во подобар живот за сите млади лица во Карпош.
>
> Женско, 22 години

## Квантитативна анализа

Во оваа секција од истражувањето младите одговараа на прашања поврзани со нивната вклученост во донесувањето на младинските политики.

Дури 79.2% од младите не се запознаени со тоа што е младинска политика. Од оние пак кои одговориле дека знаат што е младинска политика, само една петина 21.4% навеле пример кој е препознаен како младинска политика.




графикон 21

На следното прашање во однос колку млади се вклучени во носењето на одлуки во нивната заедница, повеќе од половина од испитаниците (52.4%) сметаат дека воопшто не се вклучени во процесите на носење одлуки во општината, додека само 2.4% сметаат дека целосно се вклучени во носењето на одлуките на локално ниво.

## Колку сметате дека лично сте вклучен/а во носењето одлуки во Вашата заедница?




графикон 22

Оние млади кои не се вклучени во носењето на одлуки, 42.0% сметаат дека тоа е поради непостоењето на механизам за соработка помеѓу граѓаните и општината. Додека, 18.1% од испитаниците, велат дека невклученоста е поради личната незаинтересираност.

## Поради што не сте вклучени?




графикон 23

Следно младите од Карпош беа прашани дали некогаш учествувале во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на општината. Огромни 92.9% одговориле дека никогаш немале можност да учествуваат.

## Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?

графикон 24




Слично како и на претходното прашање, големо мнозинство од младите 68.5% не се запознаени со распределбата на буџетот во Карпош, додека 16.7% делумно се запознаени.

## Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?




графикон 25

# Предизвици на младите



Општина Карпош — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Она што во моментов го нуди општината на полето на вработување се генерално угостителските објекти, козметичките салони и слично и во моментов тоа се опциите за младите за заработка и евентуална кариера. Дел од учесниците очекуваат и олеснување и подобрување на траспортот и конекциите со другите општини. Дел пак сметаат дека општината треба да работи на полето на култура и на развивање и поттик на оваа дејност како и вработувања. Она што исто така го нотираа младите е дека поради големиот број на згради и луѓе кои издаваат простор во тие згради, малите бизниси се многу распространети. Од фокус групата произлегува и предлог локација за основање на тематска канцеларија за млади на просторот кај поранешната месна заедница во населба Тафталице, простор кој во моментов не го користи никој. Како најприоритетен предизвик за младите во Карпош произлегува развивањето на претприемачки дух кај младите за тие да отвараат сопствени бизниси.

> Не секој сака да работи за работодавач, некои млади сакаат да имаат и сопствен бизнис.
>
> Женско, 25 години

## Квантитативна анализа

Во оваа секција младите издвојуваа два приоритети во однос на повеќе категории кои се поврзани со млади.

Од областа на вработување, испитаниците ги издвојуваат партизираноста и непотизмот 30.7% и недостаток на работни места 21.1%.




графикон 26

Следна област за издвојување на два приоритети е инфраструктурата. 24.7% од испитаниците ја издвојуваат пренаселеноста, а 19.6% преголемиот број на автомобили како главни приоритети.




графикон 27

Приоритети за животната околина според младите се преголема загаденост на воздухот (38.4%, како и отпад и загаденост на јавни површини (14.9%).




графикон 28

Од областа на младинско учество според испитаниците од општина Карпош произлегуваат немање информации за можности 24.1% и лична неодговорност и немање само-иницијативност во 20.8% од случаите.



графикон 29

Од областа на културата и спортот. Најголем приоритет е непостоење на културни манифестации за млади 37.2% како и непостоење на културен центар 32.7%.



графикон 30

# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



Општина Карпош — Младински локални банки

### Квалитативна анализа

На темата околу поддршката на општината за иницијативите кои доаѓаат од млади луѓе, запознаеноста на младите е на ниско ниво. Речиси сите млади сметаат дека најсоодветен начин за ваква иницијатива е преку социјалните мрежи. Дел од нив се обиделе токму преку социјалната мрежа Фејсбук (Facebook) и успеале да иницираат проблем во заедницата кој ги засегал сите граѓани и добиле повратен одговор од општината која на крајот го решила овој проблем. Исто така се напоменува и дека општината имала обид за поддршка на идеи кои доаѓаат од млади преку претседателите на сите средни училишта, но ситуацијата со корона спречила реализација на ова поле.

> Да се направи млада заедница, од младите за младите која во соработка со општината ќе се грижи за потребите на младите и сите останати работи.
>
> Женско, 22 години

### Квантитативна анализа

Иницијативите од младите луѓе и нивната евентуална поддршка од страна на локалните власти е следна тема за набљудување во рамки на телефонското истражување.

Во општина Карпош испитаниците се поделени на прашањето дали општината е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе. 40.5% одговориле дека е отворена, а 38.1% одговориле дека општината не е отворена за ваква иницијатива.




графикон 31

Најмладите 15-19 години во најголем дел сметаат дека општината е отворена за иницијативи од млади луѓе, додека оние 20-29 години во најголем дел сметаат дека општината не е отворена за вакви иницијативи.




графикон 31.1

Слично како и на претхнодното прашање, дали младите сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе. Имено 36.9% рекле дека општината ќе поддржи ваква иницијатива, а 33.9% рекле дека општината нема да поддржи ваква иницијатива.

графикон 32




Мажите во најголем дел (44.7%) велат дека општината финансиски не би поддржала иницијативи од млади луѓе, за разлика од нив најголем дел од жените (39.8%) велат дека општината не би поддржала вакви инцијативи.




графикон 32.1

# Младите во време на Ковид 19 пандемија



Општина Карпош — Младински локални банки

## Квалитативна анализа

Во однос на актуелната пандемија со Ковид 19, она што најмногу ги засега младите е опаѓањето на квалитетот на образованието неколкукратно. Административните работи кај нас се уште се извршуваат физички, ништо не функционира онлајн и младите се изложуваат на непотребен ризик. Дел од младите потенцираат дека не сите млади во моментов имаат техничка можност за онлајн настава.

Од друга страна, најголем дел од учесниците се согласуваат дека младите од Карпош не се однесуваат одговорно кон почитување на мерките и општо кон целата криза, а главниот проблем е групирањето на младите и зголемување на ризикот од евентуално заболување.

> Настрана општината што може да направи, младите се многу неодговорни во нивното однесување.
>
> Машко, 26 години

## Квантитативна анализа

Во последната категорија, младите одговараат на предизвиците поврзани со Ковид 19 кризата.

Огромно мнозинство од младите (89.3%) не се вклучиле активно за време на Корона кризата, а со цел помош на ранливи категории на граѓани. Процентот на оние кои се вклучиле изнесува 10.1%.




графикон 33

На прашањето колку нивната фрекфенција/честота на волонтирање во време на Ковид 19 се намалила, останала иста или се зголемила, младите од Карпош одговориле дека во 31.5% волонтираат поретко отколку претходно, а 13.7% волонтираат исто како и претходно.



графикон 34

Трите најважни работи кои младите од општина Карпош ги издвојуваат како нивна потреба која може да им ја овзможи општината во време на Ковид 19 кризата се: бесплатни можности за работилници/курсеви за развивање на вештини (30.4%), бесплатни филмови/книги/серии за поминување на слободното време (23.2%) и бесплатна професионална поддршка и совети (22.0%).



графикон 35

# Демографски податоци за истражувањето во општина Карпош

Пол на испитаник

50.6%

49.4%

Етничка припадност

| Македонец/ка | Албанец/ка | Турчин/ка | Србин/ка | Бошњак/иња | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| (92.3%) | (4.2%) | (0.6%) | (0.6%) | (1.2%) | (1.2%) |

Возраст (категории)

| 15-19 години | 20-24 години | 25-29 години |
|---|---|---|
| (32.7%) | (35.1%) | (32.1%) |

## Последно завршено образование




## Занимање




## Населено место

